# СИСТЕМОТ НА УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРЕД НЕЈЗИНОТО ОСАМОСТОЈУВАЊЕ

Автор: Раководител на одделение на урбанисти-планери

Д-р Жаклина Ангеловска, диа

Февруари 2019 година

# ВОВЕД

- **Системот на урбанистичкото планирање во една држава е детерминиран од**:
  - општественото уредување,
  - поделбата на надлежностите помеѓу различните нивоа на власт,
  - традицијата во планирањето - законодавство
  - реалниот демократски капацитет на државата**.**

**Во педесеттите години**, се поставуваат темелите на општественото уредување во новата федерација, и според принципите на модерниот урбанизам, ги реконструираат населбите по уништувањата предизвикани од војната.

**Во шеесеттите години**, уредувањето на целокупниот државен простор добило првостепена улога во развојот. До 1976 година, околу две третини од европските државите изработиле просторни планови за својата територија, а осум европски држави во кои и СФРЈ донеле и закон за просторно (регионално) уредување.

**Во седумдесеттите години**, воведе нова развојна тема, човековата средина, која до денес детерминира значајни сегменти од урбанистичката практика.

**Во осумдесетите години**, заштитата на животната средина била дел од сите развојни програми во европските земји, а во 15 држави се донесени закони за животна средина.

# СИСТЕМОТ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ВО СФРЈ

- **Системот на урбанистичко планирање во СФРЈ бил децентрализиран на повисоко ниво во тоа време од некои европски земји.**

• Во социјализмот, идеологијата за планирањето била главен столб на општеството за изградба на градовите.
• Просторното и урбанистичкото планирање, како дел од самоуправното општествено планирање се темелеле на основните елементи на општествениот систем:
• општествена сопственост,
• самоуправување и здружување на работа и средства.
•Просторните, урбанистичките и деталните планови се остварувале по пат на општествен и самоуправен договор. Општиот интерес бил почетна основа за измена на постојните и за воспоставување нови односи во контекст на просторот и на земјиштето.

# СИСТЕМОТ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА КАКО ДЕЛ ОД СФРЈ

- **Урбанистичкото законодавство во СФРЈ се фокусирало на три основни законски теми:**
  - Закон за урбанистичко планирање,
  - Закон за градежно земјиште и
  - Закон за изградба на објекти.

- **Немало еден државен – сојузен закон туку постоеле поединечни закони за урбанистичкото планирањето во секоја република, што кореспондираат со уставните промени.**
  - Законодавецот формирал огромен законски инструмент со парцијални закони, не ги послушал стручните лица да донесе еден закон за урбанизам и оваа материја да биде целосно опфатена.

- **Изградбата на градовите се уредувала со:**
  - Закони за инвестициски објекти и Закони за станбена изградба.
  - Законот за одредување на градежното земјиште во градовите и населени места со градски карактер.
  - Закон за изградба на станбени и стопански згради на село. (Македонија немала изготвено ваков закон, селата се граделе стихијно, според потребите на месното население, или масовно се напуштале. )

# СИСТЕМОТ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА КАКО ДЕЛ ОД СФРЈ

- **На државно- сојузно ниво** бил формиран Совет за човекова средина и просторно уредување, како заедничко тело на федерацијата, републиките и покраините, за реализација на преносот на надлежноста во областа на урбанизмот од федерацијата на републиките и покраините. (од 1974г.)

- **На регионално ниво** врз основа на републичките устави се формирани:
  - Републички комитет за урбанизам и заштита на човековата средина,
  - Републички заводи за урбанизам
  - Републичката градежна инспекција.

- **На локално ниво** се формирани: Општинскиот совет, месните заедници, самоуправните интересни заедници, општинска градежно-урбанистичка и комунална инспекција.

# УРБАНИСТИЧКОТО ЗАКОНОДАВСТВО ВО ЈУГОСЛАВИЈА ПО II СВЕТСКА ВОЈНА

**Урбанистичкото законодавство имало 4 главни периоди на суштински промени**, кои секогаш биле поврзани со донесувањето **нов устав на федерацијата**, односно со промените во општественото уредување, **како основен системски елемент** кој влијаел врз законодавството за планирање и урбанизација на просторот.

- **Првиот период, од 1945 до 1963 година**, се карактеризира со **интензивна обнова** и развој на државата, во нов систем на општествено уредување. Првата генерација „урбанистички закони" ја донеле Републичките законодавци,(1958/61) автономно, според начелата од нацрт сојузниот закон:

- Закон за урбанистички проекти и Закон за урбанистички план (Словенија и БиХ)
- Закон за урбанистичко планирање (Македонија) и
- Закон за урбанистичко и регионално просторно планирање (Хрватска, Србија)

- **Вториот период, од 1963 до 1971 година,** со Уставот од 1963 година законодавството се темели врз **концептот на самоуправување**. Втората генерација „урбанистички закони" (1964/67) биле:
  - Закон за урбанистичко и регионално просторно планирање, освен
  - Законот за урбанистички план (во БиХ).

# УРБАНИСТИЧКОТО ЗАКОНОДАВСТВО ВО ЈУГОСЛАВИЈА ПО II СВЕТСКА ВОЈНА

- **Третиот период, од 1971 до 1986 година,** го карактеризира Уставот од 1974 година, со кој СФРЈ е **сојузна држава со 6 републики и 2 покраини**. Третата генерација „урбанистички закони"(1971/76) остваруваат поголеми промени од претходниот период, а се воведуваат и покраински закони.
  - Закон за просторно планирање во Косово и Македонија,
  - Закон за просторно уредување во Хрватска и БиХ,
  - Закон за планирање и уредување на просторот во Србија, Војводина и Црна Гора
  - Закон за уредување на просторот и уредување на населбите во Словенија. (1984)

- **Четвртиот период, од 1986 до 1991 година,** е последниот период на заедничката држава во кој „урбанистичкото законодавството"(1979/86) претрпело уште една трансформација со која законите ги изгубиле т.н. генерациските обележја, чија различност се одразила во содржина и методологија на изработка и донесување на просторни планови на ребликите и покраините.

# УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА КАКО ДЕЛ ОД ЈУГОСЛАВИЈА ПО II СВЕТСКА ВОЈНА – РЕЗИМЕ

- Периодот од крајот на Втората светска војна до создавањето на независна Република Македонија опфаќа 46 години во кои Македонија била дел од југословенската федерација, како една од шесте републики.
- Во текот на југословенскиот период немало еден државен, односно сојузен закон за регулирање на урбанистичкото планирањето, туку постоеле поединечни закони во секоја република. Републичките закони требало да го интегрираат просторното планирање во системот на општествено планирање во сите средини.
- Планирањето било децентрализирано, републичките институции биле овластени за вршење на дејноста и сите планови биле изработени во урбанистички заводи што биле формирани во секоја република. Плановите биле јавни, за општа употреба.
- Законодавството поврзано со градбите ја уредувало стопанската гранка, наместо самите градби. Тежиштето на законот било пренесено врз инвеститорот, како градител на облигационите односи.
- Материјата за градежно земјиште во законодавството успешно го сочувала единствениот пристап и решение за регулирање на градежното земјиште, кој се претворил во комунална дејност во која преовладувала земјишната рента.
- Современиот урбанизам се темелел врз креирање и донесување урбанистички планови во облик на задолжителни и обврзувачки документи, кои се изработени врз основа на законски норми и прописи со дефинирани правила и обврски за усогласување на интересите на жителите и на државата.